Здружение на граѓани ЕКОВИТА

# Наративен извештај
# 2016



Неготино2016

**30 јануари 2016**

Членови на ЕКОВИТА го посетија саемот АГРОТИКА 2016 во Солун

Во организација на Народна техника на Македонија и Сојузот за техничка култура во стопанството на Македонија, членови на здружение на граѓани ЕКОВИТА од Неготино, во петокот го посетија АГРОТИКА 2016, меѓународен земјоделски саем за техника и опрема, градинарство, лозарство, овоштарство и пчеларство во Солун.

Убава беше можноста да се види модерна механизација за обработка на почвата, современи системи за следење и контрола на условите во оранжериите, со нови технологии и нови методи во превентивата и заштитата од болести во земјоделското производство



**1 март 2016**

Во организација на Федерација на фармерите на Република Македонија на 27 и 28 февруари членови на ЕКОВИТА го посетија саемот за земјоделие во Пловдив.



**24 април 2016**

Државен натпревар НАУКА ЗА МЛАДИ 2016



**16 мај 2016**

Посета на земјоделскиот саем во Нови Сад



**30 мај 2016**

ГОЛЕМ ОДМОР за најдобрите

Презентација на наградените ученици од 52-ри Државен натпревар на младите истражувачи од Република Македонија



**10 октомври 2016**

Работна средба на ЕКОВИТА со волонтери од Мировниот корпус

Следната недела започнува со тренинг работилница за изработка на апликација на еколошки проект од ЕКОВИТА



Peace Corps Macedonia

PRESENTS THIS

Certificate of Appreciation

TO

Ekovita Negotino

IN RECOGNITION OF THE OPENNESS FOR COOPERATION AND THE SUPPORT OF THE TRAINING PROGRAM FOR THE TWENTY-FIRST GROUP OF PEACE CORPS TRAINEES IN MACEDONIA.

November 2016, Macedonia

Sara Wood
Director of Programming and Training

**18 октомври 2016**

ЕКОВИТА учествува на Младинско творештво Макинова 2016 во склоп на саемот ТЕХНОМА 2016 кој што се одржува од 18 д0 22 Октомври во Скопје.

Кристина Тодорова се претстави со својата иновација НАСОНИА ЕКОЛОШКИ МЕТОД ЗА УНИШТУВАЊЕ НА ШТЕТНИТЕ ИНСЕКТИ НА ФАРМА.



**3 ноември 2016**

Членови на Ековита присуствуваа на:

„Обука на собирачи за основни принципи на собирање на лековити ароматични растенија, шумски плодови, лиаши и печурки – зачувување на биодиверзитетот во Вардарскиот регион” по завршената обука присутните добија сертификат.

Предавањето го организираше Центарот за развој на Вардарски плански регион, во рамки на проектот: „Поддршка и промоција на препознатливи стопански и туристички настани во Вардарски плански регион и мапирање на потенцијалите за развој на рурален туризам и подготовка на регистар на потенцијали за рурален туризам на ниво на плански регион’’, финансиски поддржан од Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП),



**4 ноември 2016**

Ековита на обука во Охрид за мобилизирање средства од бизнис секторот и граѓаните

Во рамките на проектот „Граѓанското општество посилно со бизнисот и граѓаните“ здружението Конект спроведе 4 обуки за мобилизирање на средства од бизнис секторот и граѓаните. Темите на овие обуки се следниве:

Кампањи за прибирање на средства;
Комуникација, отчетност и транспарентност за успешно прибирање на средства од локални извори.

Обуките се одржаа во Скопје и Охрид и на нив присуствуваа повеќе од 50 претставници на граѓански организации од 14 града од земјата. Главната цел на овие обуки беше граѓанските организации да се стекнат со вештини и знаења кои ќе им помогнат да станат поуспешни во прибирањето на средства од локалните донатори.

Учесниците научија како да се подготват пред да тропнат на вратата на локалните донатори, кои се најдобрите начини да им се пристапи на компаниите, како да ги негуваат односите со донаторите, како да ја добијат довербата од компаниите и граѓаните.



**7 ноември 2016**

Ековита на обука во Велес

Граѓанската асоцијација МОСТ, во партнерство со Институтот за Мас медиуми и комуникации и во соработка порталот Нова ТВ во рамките на проектот "Медиа платформа за застапување", организира серија на бесплатни обуки за застапување и истражувачко новинарство, наменети за граѓански организации и медиуми (новинари). обуката се одржи овој викенд од 04.11 до 07.11, во хотел Романтик во Велес.

Целта на обуките е да придонесат кон зајакнување на капацитетите на граѓанските организации во процесот на застапување, зајакнување на улогата на новинарите и нивните истражувачки стории, како и зголемување на нивната меѓусебна соработка преку спроведување на заеднички кампањи за застапување на интересите на граѓаните.



**10 ноември 2016**

Ековита на обука во Кавадарци

Обука за органско земјоделско производство се одржа денеска во Кавадарци, како дел од проектот на Програмата за развој на Обединетите нации УНДП, имплементирана од Центарот за развој на Вардарскиот плански регион. Проектот е насловен „Поддршка и промоција на препознатливо стопанско туристички настани и мапирање на форми на рурален туризам".

– Целта на оваа обука е да индивидуалните земјоделци од Кавадарци, Неготино, Демир Капија и Росоман, кои произведуваат земјоделско производство, да се запознаат со сите бенефити на самото органско производство.

Органското производство е тренд во денешно време. Оваа обука е последна во оваа сесија на обуки кои ги одржува Центарот за развој при Вардарскиот плански регион.

Предавач е Иван Стојанов, дипломиран инженер агроном.



**20 ноември 2016**

Кристина Тодорова, член на ЕКОВИТА го освои прво место по Биологија Ноември - месец на науката“ што се одржа викендот во Skopje City Mall, под менторство на проф. биолог Стефчо Шарац




**21 ноември 2016**

Голем одмор за најдобрите од Макинова и Еконова 2016



**1 декември 2016**

ЕКОВИТА на обука во ВЕЛЕС

Во организација на:
ЗГ„ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ“

се одржа обука за „Подигнување на јавната свест на Граѓанските организации за потребата од нивно активно
вклучување во процесот на донесување на одлуки од областа на животната средина“

29-30/11/2016, Хотел Гардениа, Велес



**17 декември 2016**

70 години Народна Техника На Македонија

Врачена "Повелба на Република Македонија" од страна на претседателот Д-р Ѓорге Иванов



**23 декември 2016**

Ековита на обука во Битола

ИНТЕРНЕТ ПРИСУСТВО НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

21-23 декември 2016 година, Битола



Дата:
**25.01.2017 година**
**Неготино**

Здружение на граѓани ЕКОВИТА
Дипл. инж. Биолог **Сашко Тодоров**
4 јули 67 Неготино